# Политиките на Охридскиот рамковен договор во контекст на одржлив развој

Jordanka Galeva

- Македонското општество е мултикултурално: врз основа на религиите, јазиците ентичките заедници.
- Мултикултурално општество-конфликтоно општество-негативно влијание врз развојот
- Мултикултурално оптество – може да доведе до развој
- Политика која би требала да доведе до развој е ОРД
- Но дали и одржлив? Ако не се менува, додава, искористува, и истрае за да им служи на другите тогаш е одржливо решение

# Етничкиот елемент

Мултикултуралните Општествата се конфликтни а тоа секогаш има негативен одраз кон развојот.

Во сите општества во кои постои значајни етнички поделби, тие водат кон конфликти на етнички интереси,

колку поголема е етничката поделба, толку повеќе политичките и други интереси за конфликт имаат тенденција да се канализираат по етничка линија и

дека нивото на конфликтот е понизок кога политичките институции се засновани на реципроцитет

# македонскиот конфликт

- не само што повторно го раздрма регионот, туку претставуваше и закана за економска дестабилизација на државата. Како потврда на ова зборуваат и податоците од тој период.  Така, во рок од неколку месеци од отпочнување на конфликтот во 2001 година, беше  регистриран пад од 22% на надворешната трговија, 10% на волуменот на извозот и 29% на увозот.

- Зачувувањето на мултиетничкиот карактер кој се споменува во основните приницsmåipi на Охрдискиот Рамковен Договор е одраз на повеќе карактеристики преку кои населението се идентификува и ја одредува својата национална припадност. Земајќи ги во предвид овие карактеристики општеството се дефинира како мултијазично, мултирелигиско, односно мултиетничко.

# Религија

Во нивното истражување за односот помеѓу религиската различност и потенцијалност за конфликт земаат во предвид два индикатори:

- **религиската фрагментираност**, чиј индекс расте со **растот на бројот на религиски групи**, но нема негативни ефекти врз стапката на раст во една држава и

- **религиската поларизација,** која го достигнува својот максимум кога постојат **две религиски групи со еднаква големина**

# Ресурси – здружување по етничка линија

Ресурси е во срцето на секоја политичка борба

човекот билошки е програмиран да го подобри сопственото преживување,

тој тврди дека конфликтите постојат во сите општества, и

дека во случај на конфликт се фаворизира здружување по роднинска линија, одколку по нероднинска, придржувајќи се на концептот на за етничкиот непотизам.

# оскудност стануваат предмет на натпревар

правата на сопственост,
работните места,
стипендиите,
пристапот кон образовниот процес,
јазичните права и владини договори.

# Политичката моќ -мнозинство

Индивидуите и групите кои поседуваат политичка моќ, вообичаено, имаат превилигиран пристап во контролата и дистрибуцијата на овие ресурси, кои претставуваат извор на поголема благосостојба

таквата моќ е во рацете на мнозинската етничка група, заради која причина малцинските групи се чувствуваат помалце привилигирани и исклучени од овие привилегии и борбата во натпреварот за истите ги прават основа за конфликт во ваквите општества

# Ресурси во македонски случај

- Во овој контекст ако се навратиме на она што го тврди Ванханен, а во одредена смисла е докажано и од истражувањето на Лејк и Рочилд, според кои основните причини за конфликт во едно општество произлегува од натпреварот за дистрибуција и контрола на оскудните ресурси, во македонскиот случај ја имаме следината ситуација. Имено, во македонското општество, според пописот во 1994 година мнозинскиот дел од населението е составено од македонскиот народ, кој претставува 66,6%, додека останатиот дел од 33,4% од населението е составено од различни националности, меѓу кои албанци, турци, срби, роми, власи, муслимани, бошњаци, египќани, југословени и други

- Во македонскиот случај не само што сите етнички заедници имаат свои претстваници во политичката арена и директно одлучуваат за одредени прашања поврзани со нивната културна и јазична различност, туку и имаат привилегиран пристап до работните места, во пристапот кон образовниот процес, во однос на јазичните права и учество во владините договори.

# Причини за барања

- Ако ги земеме во предвид барњата на албанските политичари, се забележува одредено соодветствување со „оскудните ресурси„. Статистичките податоци покажуваат многу мала застапеност на припадниците на албанската националност во државниот и јавен сектор, меѓутоа не, и ограничен пристап кон образовниот процес. Напротив во македонскиот случај се применуваше така наречена позитивна дискриминација во однос на пристапот на националностите во процесот на високо образование, за кои постоеше посебна државна квота при упис на факултетите и образование на албанснки јазик на приватниот универзитет за Југоисточна Европа во Тетово

- економскиот развој е условен од културните аспекти и социјалната структура на населението, и дека всушност социјалните норми, културните традиции и институции се оние кои претставуваат пречка за нивниот развој.
- Во овој контекст според Хоселитц, модернизацијата треба да отпочне токму од **социјалната структура и од културата, за да оттука се претвори во економски развој**

# Јазикот – средство за мобилизација

јазикот е еден од факторите кој може да предизвика конфликт . Според него јазикот, како една од карактеристиките за етноста, се користи како главно средство за мобилизација на групата и за етничкиот сепаратизам.

- Вилијамс тврди дека, да се редуцира способноста на изразување на сопствениот јазик може да предизвика нестабилност и ослабнување на развојот. Неговата теза се заснова на фактот дека комуникацијата е интегративен дел од развојот, причина заради која признавањето на еден одреден јазик во мултилингвистички контекст, може да биде сфатено како да се фаворизира една група на сметка на друга. Одлуката да се користи и промовира еден или повеќе јазици во една земја е диктирана од волјата на етничкото мнозинство и од социјалните класи кои аспирират да го прошират и зацврстат јазикот кој го користат, за сметка на јазиците на другите

- Тоа што Вилијамс го смета за важно за стабилноста и развојот на едно мултикултурно општество е изборот на јазична политика. Неговата теза се состои во идејата дека секој јазик е израз на една одредена култура и дека секој избор на јазик е секогаш бенефиција на една јазична заедница. Според него, планирањето и јазичната политика се важни и треба да бидат формализирани преку образовни политики, политики за вработување и комуникации. Доколку јазичната политика е хармонична и ефективна,  колективните енергии би можеле да се распределат во различни насоки, меѓутоа, ако во спротивно истата е авторитарна и дисфункционална, може да доведе до здружувања, регионален сепаратизам, граѓански војни и тотален распад.

- значителната **етничка различност креира социјални бариери**, кои се главен фактор за отежнатата интеграција на самите индивидуи,  која пак од своја страна го редуцира нивото на социјалниот капитал и го успорува економскиот раст.
- Резултатите од нејзиното истражување, кое ги опфаќа афричките земји покажуваат дека колку е пониско нивото на различност, помали се конфликтите и стапките на корупција, а повисок е економскиот раст
- **Според нивната теза, колку повеќе државата е фрагментирана, толку повеќе е лимитиран економскиот перформанс и етничката различност има директен ефект врз економскиот раст**

# Како етничката разлика може да доведе до развој

- Идејата дека етничката хетерегоност е една од основните причини за политичка нестабилност и пречка за развојот во мултикултурните општества, предизвика поставување на нови хипотези, како онаа за алтернативен развој, кој се фокусира на етничката група и нејзиниот хабитат како потенцијални субјекти за акција за развојот. Во продолжение се изнесени неколку теоретски видувања во однос на прашањто како хетерогеноста, спротивно на веќе изнесеното, може позитивно да влијае на развојот.

- Претставниците од агенциите на Обединетите Нации заедно со научниците од различни социјални науки, разработија нови пристапи за редефинирање на функцијата на развојот, вреднувајќи ја улогата на културата и социјалната структура на индивидуите во општеството. Интересот за ваквиот пристап се консолидираше дотолку повеќе, колку што растеше свеста дека автохтоните култури имаат свој начин на организација во производството, кое се заснова на вредностите, кои пак надворешните набљудувачи не можат да ги разберат

- Бјорн Хетне, (Bjorn Hettne) наведува дека **развојот може подобро да се обезбеди преку заштитата на културните, религиозните и јазични права во рамките на структурата на еден функционален систем**. Затоа што правата поврзани со културата и јазикот на една малцинска група, во прв план се потребни за признавање на сопствениот етнички идентитет и за одржување на нивната култура и јазик, а во втор план ваквото признавањето на културните и јазични разлики се смета за важен фактор како за индивидуалниот развој, така и за развојот воопшто.

# Етно развој и верба во сопствените способности

- Терминот self-reliance кој во превод значи *верба во сопствените способности*, има за цел да промовира **освестување кај автохтоните народи во однос на сопствените способности и сили**.
- Преку ваквиот пристап, целта е да се промовира партиципиран развој во земјите од Третиот свет, кој би довело до подобрување во економската, политичката и социјалната сфера и истиот би требало да тргне од доле нагоре преку валоризација на економските, природните, културните и социјални постоечки ресурси на локално ниво.

Тезата за етноразвој подразбира процес на соодветен развој за една одредена етничка група во рамките на глобалното општество. Оттука, според ова гледиште етничките групи треба да имаат загарантирано **право на политичко претставување**, кое ќе овозможи партиципација во одлуките за прашањата кои се однесуваат на нив, оставајќи им слобода на избор на развој кој ќе соодвествува на нивната традиционална и културна различност. Ваквиот тип на развој ја нагласува неопходноста да се стави потпора на нивните внатрешни енергии, кои треба да се бараат во културата на групата, во ресурсите и креативниот потенцијал, неопходни за соочување со модерниот свет .

- Лејпарт, во **плуралистичките општества пропорционалниот систем доведува до подобра застапеност** на групите и оттука подобро заштитува од конфликт помеѓу различните групи, додека Хоровиц, го подржува **мнозинскиот систем, кој според него приморува на коалиција помеѓу политичките партии**, што значи гаранција за меѓусебна соработка.

- Севкупните резултати од трите циклуси на избори покажуваат константно учество на претставниците од македонските, албанските и ромските партии во парламентарниот состав, но не и ефективна партиципација во донесување на одлуките

# Точка 1 содржи пет основните принципи врз кои се заснова Охридскиот договор

1. отфрлање на употреба на насилство за остварување на политички цели;

2. зачувување на суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија и нејзиниот унитарен карактер;

3.одразување на мултиетничкиот карактер во јавниот живот;

4.исполнување на потребите на граѓаните преку уставот, согласно развојот и созревањето на демократската држава;

5.развој на локалната самоуправа (со цел поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот и унапредување на почитувањето на идентитетот на заедниците.

Ако се земе во предвид тезата на Вилијамс дека планирањето и јазичната политика се важни за стабилноста и развојот на едно мултикултурно општество и истите треба да бидат формализирани преку образовни политики, политики за вработување и комуникации, од горенаведеното може да се заклучи дека во македонскиот случај ова се оствари во целост. На некој начин отпочна и спроведување на *енторазвојот* за кој зборува Штавнхагн, кој подразбира обезбедување на право на политичко учество во одлуките за прашањата кои се однесуваат на самите малцинства.

Воведувањето на *Бадинтеровото* правило за гласање и формирањето на Комитетот за односи помеѓу заедниците на собраниско ниво и комисиите за односи меѓу заедниците на општинско ниво, видно ја зголемија можноста за учеството на немнозинските заедници во одлучувачкиот политички процес за прашања поврзани со правата на припадниците на немнозинските заедници, прашања за децентрализација и развој на локална самоуправа, како и за прашања поврзани со културата, симболите, знамињата, имињата на улиците и др на локално ниво. Ваквото право овозможи, она што според концептот на етноразвојот се предвидува, слобода на избор на развој, кој ќе соодвествува на традиционална и културна различност на заедниците.

- Сите овие измени не само што го подобруваат индивидуланиот статус на припадниците на немнозинските заедници, туку имаат и позитивен ефект врз развојот. Тргнувајќи од Бадинтеровото правило кое се однесува на одредени прашања, меѓу кои се вклучува и прашањето за развој на децентрализацијата, беше направена нова територијална поделба на општините, преку која се овозможи формирање на мешани ентнички општини. Во одредени од нив мнозинското население е од редовите на немнозинските заедници, чиј состав овозможува обебзедување на места во раководни исntитуции, односно освојување на градоначалнички и советнички места.

- Начелото за соодветна и правична застапеност, овозможи корекција на етничкиот дизбаланс во јавните и државни тела, со кој се овозможи подобрување на социјалната структура на припадниците на немнозинските заедници. Спроведувањето на ова начело пак при вработување во Полицијата и Министерството за внатрешни работи, ја врати довербата во институциите, го зголеми чувството на рамноправност помеѓу редовите на припадниците на немнозинските заедници и доведе до стабилизација во државата. По ова прашање секако дека треба да се истакне и аномалијата дека многубројни од вработувањата врз основа на начелото за соодветна и правична застапеност се сведени само на хартија без, формално правна примена, односно без активно да бидат ангажирани во работниот процес. Се додека реално не се реши овој проблем чувството на рамноправност, иако формално постои, реално целосно не го дава ефектот на стабилност.

- Во однос на измените поврзани со јазичното прашање, обезбедувањето на  високо образование на јазикот кој го зборува 25% од населението и политиката на позитивна дискриминација при упис на факултетите за припадниците на немнозинските заедници, го зголеми бројот на дипломиран кадар, кој автоматски значи и зголемување на човечкиот капитал од редовите на овие заедници, односно професионален кадар за високи работни позиции. Употребата, пак на друг службен јазик, освен македонскиот јазик и кирилското писмо во рамките на локалната самоуправа, исто така отвори нови работни места и им овозможи на припадниците на немнозинските заедници да бидат конкурентни во пристапот кон тие работни места.

- Може да се резимира дека се она што се спроведе како политика за промовирање на мултикултурниот, односно мултиетнички карактер, секако дека доведе до развој (ако се земе во предвид зголемувањето на учеството на сите заедници во јавната сфера, зголемениот број на кадар со високо образование од редовите на немнозинските заедници, зголемениот бројот на работни места кои предвидуваат употреба на службените јазици различни од македонскиот јазик, подобрување на влијанието во политичкото одлучување по одредени прашања), но сепак иститата за жал не гарантираат трајна стабилзација на државата